ботката на оваа проблематика, историските сознанија ги испреплетува и со останатите општествени научни дисциплини: дипломатијата, воените науки, етнологијата, економијата, социологијата. Ваквиот пристап како и јасниот, прецизен стил, придонесуваат оваа книга да биде интересна и прифатлива не само за научните работници кои се занимаваат со проучување на новата и најновата историја, туку и за пошироката јавност која сака да се здобие со поопширни знаења од историјата на Македонија и македонскиот народ.

Љупка Тасевска

## Историски сведоштва -
# ПРИКАЗ НА НАЈНОВИТЕ ТРУДОВИ НА ЈОРДАН ЦЕКОВ-ДАНЕ

(*Кумановско во НОВ (1941-1945)*, II книга, МИ-АН, Скопје 2002, 273; *Загинаа за слободата*, Графотекс-Куманово, Куманово 2001, 272; *Панче Пешев-казна што обвинува*, МИ-АН, Скопје, 2002, 189; *Христијан Тодоровски-Карпош*, СНБ-Општински одбор-Куманово, Куманово, 1999, 136)

Во изминатите неколку години, македонската историографска продукција беше збогатена со неколку трудови од мемоарско-популарен карактер од авторот Јордан Цеков-Дане.

Се работи за автор веќе познат на научната и пошироката јавност, кој со својот историографски и публицистички опус, се има произнесено и оставено сведоштва за бројни настани, личности и процеси од не така далечното историско минато на македонскиот народ. Неговиот интерес за историјата и обработката на историографски теми произлегува од неговата животна и професионална ориентација.

Јордан Цеков-Дане е роден 1921 година во Куманово. Уште како гимназијалец зема учество во напредното младинско движење во Куманово. Член е на СКОЈ од 1938 година, а со почетокот на Втората светска војна се вклучува во активностите на кумановската партиска организација за исфрлање на одред. Заедно со Панче Пешев и Христијан Тодоровски-Карпош е дел од јадрото на партизани од кои во август 1943 година е формиран Кумановскиот партизански одред. До крајот на војната заземал различни воени позиции од командир на чета до командант на Третата македонска ударна бригада. По завршувањето на војната Јордан Цеков-Дане извршувал повеќе воени и општесвено-политички функции, меѓу кои бил и директор на Републичкиот фонд за научна работа (1961-1967), како и стручен соработник во Институтот за национална историја( 1967-1979). Свои прилози и статии има објавено во повеќе весници и списанија, а со свои прилози учествувал и во работата на научни собири кои ја обработувале проблематиката на НОВ.

Плод на неговата неуморна работа и желба со свои искажувања и согледувања на НОАВМ во Куманово и Кумановско да даде придонес во расветлувањето на одредени настани

и личности се и овие четири книги објавени во периодот 1999-2002 година.

Публикацијата „Кумановско во НОВ (1941-1945), II книга“ е напишана на 267 страни. Содржински таа претставува континуитет на претходно објавениот труд печатен во 1989 година. Содржи прилози за историјата на Куманово и Кумановско во народноослободителната војна, кои временски го опфаќаат периодот од април 1941 година до завршните операции за ослободување на Скопје во ноември 1944 година. Мотивите кои го поттикнале авторот да се произнесе за прашања од оваа проблематика тој го објаснува во предговорот укажувајќи дека и денес, и покрај значајните резултати кои ги има постигнато македонската историска наука, сѐ уште постои потреба да се истражува и обработува нашето најблиско историско минато и НОАВМ.

Тематските целини во трудот се хронолошки подредени онака како што настаните се одвивале временски. Одредени настани авторот ги обработува публицистички, а за други користи документи и други извори. Посебно место заземаат прилозите за преместувањето на военото и политичко раководство на НОВ од Кожув на Козјак планина во февруарскиот поход и неговото значење за понатамошниот развој на востанието во Источна Македонија; за Првото заседание на АСНОМ и за работата на Президиумот на АСНОМ на кумановското подрачје по одржувањето на Првото заседание. Притоа авторот нагласува дека во создавањето на услови за одржување на Првото заседание на АСНОМ во Кумановскиот регион како и во разгорување на востанието во Источна Македонија пресудна улога имале борбените успеси на Кумановскиот партизански одред и на двата кумановски баталјона „Јордан Николов“ и „Христијан Тодоровски-Карпош“. Значајно место авторот им отстапува и на борбените дејства на Единаесеттата македонска бригада која на 7 септември го ослободила Кратово, како и на Третата македонска ударна бригада во борбите за ослободување на Велес и Скопје. Како непосреден учесник во настаните, најпрво како командант на Единаесеттата бригада, а потоа и на Третата македонска ударна бригада, авторот ни го предава сопственото видување и чувствување на овие судбоносни настани од македонската историја.

Земено во целина, преку анализа на документи и литература, преку изнесување на свои лични сеќавања и видувања како непосреден учесник во настаните, авторот се обидува да го дорасветли местото и улогата на Куманово и Кумановско во НОАВМ и да го потенцира придонесот на борците од овој крај во ослободувањето и конституирањето на македонската држава. Во тој дух е напишана и публикацијата „Загинаа за слободата“. Во неа авторот ги обработил биографиите на 32 истакнати револуционери и борци од Куманово и Козачијата кои загинале во НОАВМ, а кои со својата активност влијаеле на развојот и подемот на Народноослободителната војна на кумановското подрачје. Се работи за личности кои имале голема улога во јакнењето на работничкото движење во Куманово, истакнати активисти на партиската и скоевска организација како и учесници во вооружените дејства против бугарскиот и германскиот окупатор. При тоа и са-

миот автор истакнува дека: „основната порака и замисла на трудот не е да обработам целосни биографии на истакнати револуционери и борци-тоа е голем труд и обемна задача, туку врз основа на научни трудови, публикации, статии, документи и лични сознанија, со критичен приод да ги обработам основните одредници од нивниот борбен пат и со тоа накусо, да го прикажам значењето и улогата на нивното животно дело“. Авторот не инсистира на тоа дека со ова негово искажување е кажан последниот збор за животот и делото на истакнатите и познати борци и револуционери од Куманово и Кумановско.

Со истата цел авторот се водел и при презентирањето на животниот пат на Христијан Тодоровски-Карпош. За народниот херој Карпош досега е пишувано многу. Објавени се бројни прилози, статии, написи и биографии. Во овој случај, како што нагласува и самиот автор, се работи за прилози за биографија на Христијан Тодоровски без претензија дека со нив е кажан последниот збор за животот на овој револуционер и неговата улога и придонес во Народноослободителната војна. Она што ја прави различна оваа публикација од останатите, е фактот што таа се базира на на искажувања, впечатоци и факти на авторот, кој бил непосреден учесник во настаните и близок соработник на Карпош. Нивното пријателство започнува во гимназиските денови и работата во скоевската организација, за да продолжи и се надгради во текот на војната. Заедно со Панче Пешев тројцата го создаваат јадрото на Кумановскиот партизански одред летото 1943 година. Јордан Цеков како близок соработник на Карпош, бил соучесник во донесувањето на многу значајни одлуки за дејствувањето на Кумановскиот партизански одред, а подоцна и на баталјонот „Јордан Николов“ чиј командант бил Карпош. Посебен простор во публикацијата авторот отстапува на опишување на партизанската тактика која Карпош ја применувал во борбата со бугарскиот фашистички окупатор и четниците на Дража Михајловиќ, при тоа потенцирајќи дека за успешниот развој на востанието на Козјак Планина и Козјачијата голема заслуга има Карпош, неговата тактика во водењето на борбените дејства, храброста и грижата за борците, како и големата одговорност на овој 22 - годишен младинец. Неговите заслуги се дотолку поголеми ако се има предвид дека од 18 партизани колку што имал на почетокот Кумановскиот партизански одред, Карпош успеал да создаде масовно народно движење и на просторот на Североисточна Македонија да ја создаде третата слободна територија во 1943 година по Дебарца и Тиквешијата.

Најновата публикација од овој автор објавена 2002 година е биографијата за Панче Пешев, поет, композитор и револуционер, еден од најистакнатите партиски активисти во Куманово пред војната, активен учесник во подготовките за вооружено востание и организатор на двата кумановски партизански одреди во 1941 година-Козјачкиот и Карадачкиот.

Низ трудот авторот хронолошки го проследува животниот пат и делото на Панче Пешев од неговото детство па сè до неговото загинување во борбата со фашистичкиот окупатор на 5 јуни 1944 година. Во многу од нас-

таните кои се опишани директен учесник бил и самиот Јордан Цеков-Дане, како близок соработник и другар на Пешев, кој изнесува и свои видувања и доживувања на настаните што на самото дело му дава и автобиографски белег.

Она што авторот си го поставил како цел со оваа публикација е да укаже и покаже дека Народноослободителната борба на македонскиот народ, како впрочем и на секој друг народ, има свои светли страници и победи, но и кобни и темни страници. Темната, нехумана страна на борбата е осведочена преку животниот и револуционерен пат на Панче Пешев низ судирот со повисоките партиски инстанци, постојаната присмотра и сомневање во него и неправедното исклучување од Партијата. Од политиката на дисквалификација и уништување на истакнати партиски кадри, меѓусебна нетрпеливост, соперништво, ривалитет и кариеризам не беше имуна ниту КПМ. Како пример на непринципиелност и злонамерност, при донесувањето на одредени партиски одлуки, авторот ги посочува случаите на Кочо Рацин и Панче Пешев и нивното исклучување од КПМ. Во случајот со Панче Пешев авторот ги посочува и личностите од повисоката партиска хиерархија кои ја носат моралната и политичка одговорност за таквиот развој на настаните.

Како негов помлад соработник, чувствувајќи дека неправдата која му била нанесена на Панче Пешев треба да биде исправена, Јордан Цеков во 1986 година покренува иницијатива за постхумна рехабилитација на Панче Пешев. Но, за жал и оваа иницијатива не можела да ги помине сопките на партиската бирократија и останала без резултат.Единствениот и најдобар начин на кој можел да му се оддолжи на својот соборец и другар е објавувањето на оваа публикација, со што и поширокета македонска јавност може да се запознае со овие нови и досега непознати моменти од животот и дејноста на Панче Пешев.

Трудовите на Јордан Цеков-Дане, наменети за научната и пред сè пошироката јавност, претставуваат нов значаен прилог во македонската историографија. Публикациите ја надополнуваат литературата за Куманово и Кумановско во еден од најсудбоносните периоди од поновата македонска историја, ослободувањето и конституирањето на македонската држава.

Гордана Плетварска

## Петар Шанданов СПОМЕНИ, Предговор и редакција: проф. д-р Зоран Тодоровски, „Матица Македонска и Државен архив на Република Македонија“, Скопје 2002, 310.

Публикацијата што ја претставуваме пред читателската публика спаѓа во историската мемоарска литература. Таа ги содржи оставените писмени спомени на Петар Шанданов во два дела, едниот пишуван во истражниот затвор во Софија во почетокот на 50-тите години на XX век, вториот во 1964 година и три други материјали-сведоштва дадени пред истражните и судските органи во Софија во 1936, 1946 и 1950 година. Во публикацијата се поместени уште три лични документи со фотографии на Петар